**Antica Paneva - Petrova**

---

**Subject:** FW: Барање за статистички податоци за кривичното дело „Фалсификување на пари" за потребите на истражувањето на магистерска теза со тема "Правна и институционална рамка во борбата против фалсификувањето пари во Република Северна Македонија"

**From:**
**Sent:** Thursday, October 24, 2024 3:15 PM
**To:** Maja Andreevska <AndreevskaM@nbrm.mk>; Sara Bulukova Davkova <BulukovaS@nbrm.mk>
**Subject:** Барање за статистички податоци за кривичното дело „Фалсификување на пари" за потребите на истражувањето на магистерска теза со тема "Правна и институционална рамка во борбата против фалсификувањето пари во Република Северна Македонија"

Почитувани,

Јас сум , студент по магистерски студии на Правниот Факултет при Универзитетот на Југоисточна Европа, смер-кривично право, воедно вработен во Сектор за внатрешни работи-Тетово. Со ова барање, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ви се обраќам со цел да добијам статистички податоци кои се однесуваат на кривичното дело „Фалсификување на пари" за периодот од последните пет години (од 2018 до 2023 година). Овие податоци се потребни за истражувањето на магистерската тема со наслов **„Правна и институционална рамка во борбата против фалсификувањето пари во Република Северна Македонија"** под менторство на проф.др

Конкретно, би сакал да добијам следни информации:

1. Бројот на пријавени случаи на кривично дело „Фалсификување на пари" за секоја од последните пет години.
2. Бројот на фалсификувани пари (во денари или друга валута) откриени за секоја година.
3. Други релевантни податоци поврзани со борбата против фалсификувањето на пари на територијата на Република Северна Македонија.

Овие информации ми се потребни за изработка на детална анализа во рамките на моето истражување и да придонесам кон подобро разбирање на овој проблем.

Ве замолувам податоците да ми ги доставите во електронска форма на мојот е-маил:

Доколку е потребно дополнително појаснување или информации за ова барање, стојам на располагање на телефонскиот број

Ви благодарам однапред за вашата соработка и очекувам позитивен одговор во законски предвидениот рок.

Истото барање ви го проследувам и како документ.

P.S Барањето го праќам преку емаил пошта поради фактот што формуалрот за поднесување на барање е на pdf форматот и не можам да го пополнам, ако може да ми го испратите на Word форматот.

Со почит,

Беким Бакиу

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), Директорот на Дирекцијата за правни работи, како службено лице за посредување со информации од јавен карактер на 13 ноември 2024 година донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот примено во Народната банка на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Народната банка) по електронски пат на 24 октомври 2024 година, ДЕЛУМНО СЕ ОДОБРУВА.

2.Во врска со бараната информација во однос на бројот на фалсификувани пари (во денари или друга валута) откриени за секоја година во прилог е табела со временска серија на податоци за периодот 2019-2023 година.

Народната банка на редовна основа објавува годишни извештаи, и истите се достапни на веб страната на Народната банка, поточно на следниот линк https://www.nbrm.mk/ghodishni_izvieshtai.nspx.

Во однос на бројот на пријавени случаи на кривично дело „Фалсификување на пари" за секоја од последните пет години како и други релевантни податоци поврзани со борбата против фалсификувањето на пари на територијата на Република Северна Македонија, барателот се известува дека Народната банка не располага со бараните информации.

## О б р а з л о ж е н и е

На 24 октомври 2024 година од страна на барателот доставено е Барање за статистички податоци за кривичното дело „Фалсификување на пари" за потребите на истражувањето на магистерска теза со тема "Правна и институционална рамка во борбата против фалсификувањето пари во Република Северна Македонија". Поконкретно, барателот ги бара следните информации:

1. Бројот на пријавени случаи на кривично дело „Фалсификување на пари" за секоја од последните пет години.
2. Бројот на фалсификувани пари (во денари или друга валута) откриени за секоја година.
3. Други релевантни податоци поврзани со борбата против фалсификувањето на пари на територијата на Република Северна Македонија.

Имајќи предвид дека дел од бараните податоци претставуваат информација од јавен карактер со кои Народната банка располага на барателот

**Народна банка на Република Северна Македонија**
бул. „Кузман Јосифовски Питу" бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-433
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3121-262
**www.nbrm.mk**

му се доставува одговор, додека за останатите побарани информации, барателот се известува дека Народната банка не располага со информациите.

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр. 03-38747/1
13 ноември 2024 година

Директор
Сара Булукова Давкова

**Правна поука**: Незадоволниот барател има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Решение до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Дирекција за трезорско работење
Скопје, 1 ноември 2024 година

## Преглед на регистрирани фалсификувани банкноти во периодот 2019-2023

| Година/ Валута | Апоен | | | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 5 | 10 | 20 | 50 | 100 | 200 | 500 | 1000 | 2000 | |
| **2019** | | **4** | **8** | **29** | **98** | **122** | **3** | **250** | **38** | **12** | **564** |
| AUD | | | | | 1 | 1 | | | | | 2 |
| CHF | | | | | | 1 | | | 1 | | 2 |
| EUR | | 4 | 7 | 14 | 60 | 18 | 2 | 19 | | | 124 |
| GBP | | | | 15 | 4 | | | | | | 19 |
| MKD | | | | | 1 | 82 | | 229 | 37 | 12 | 361 |
| SEK | | | | | | | | 2 | | | 2 |
| TRY | | | | | | | 1 | | | | 1 |
| USD | | | 1 | | 32 | 20 | | | | | 53 |
| **2020** | **1** | **3** | **3** | **16** | **134** | **78** | **3** | **27** | **7** | **23** | **295** |
| CHF | | | | | | | | | 1 | | 1 |
| EUR | | 3 | 3 | 11 | 130 | 55 | 1 | 6 | | | 209 |
| GBP | | | | 5 | 2 | | | | | | 7 |
| MKD | | | | | | 15 | 2 | 16 | 6 | 23 | 62 |
| SEK | | | | | | | | 5 | | | 5 |
| USD | 1 | | | | 2 | 8 | | | | | 11 |
| **2021** | | **2** | **6** | **5** | **136** | **4,090** | **4** | **81** | **20** | **158** | **4,502** |
| AUD | | | | | | 1 | | | | | 1 |
| DEM | | | | | 1 | 5 | | | | | 6 |
| DKK | | | | | | | | 1 | | | 1 |
| EUR | | 2 | 6 | 5 | 127 | 147 | 4 | 56 | | | 347 |
| MKD | | | | | | 32 | | 21 | 20 | 158 | 231 |
| SEK | | | | | | | | 3 | | | 3 |
| USD | | | | | 8 | 3,905 | | | | | 3,913 |
| **2022** | **1** | **4** | **2** | **19** | **43** | **139** | **5** | **32** | **15** | **269** | **529** |
| DKK | | | | | | | | | 1 | | 1 |
| EUR | | 4 | 2 | 14 | 33 | 104 | 5 | 19 | | | 181 |
| GBP | | | | 1 | 1 | | | | | | 2 |
| MKD | | | | | | 11 | | 12 | 13 | 269 | 305 |
| NOK | | | | | | | | | 1 | | 1 |
| SEK | | | | | | | | 1 | | | 1 |
| USD | 1 | | | 4 | 9 | 24 | | | | | 38 |
| **2023** | **0** | **6** | **15** | **48** | **102** | **153** | **2** | **763** | **1,385** | **739** | **3,213** |
| AUD | | | | | | 13 | | | | | 13 |
| CHF | | | | | | 2 | | | | | 2 |
| EUR | | 6 | 3 | 15 | 96 | 29 | 2 | 9 | | | 160 |
| GBP | | | | 4 | | | | | | | 4 |
| MKD | | | | | | 6 | | 754 | 1,385 | 739 | 2,884 |
| USD | | | 12 | 29 | 6 | 103 | | | | | 150 |

**Дирекција за трезорско работење**
**Скопје, 1 ноември 2024 година**

## Преглед на регистрирани фалсификувани монети во периодот 2019-2023

| Година | ЕУР Апоен | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | 2 | 1 | 0.5 | |
| 2019 | 13 | | | 13 |
| 2020 | 3 | | | 3 |
| 2021 | | | | 0 |
| 2022 | 13,583 | 321 | 79 | 13,983 |
| 2023 | 11,122 | 367 | | 11,489 |